**Влада на Република Северна Македонија**
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

**НАСЛОВ НА ИНФОРМАЦИЈА и СОДРЖИНА:**

ИНФОРМАЦИЈА
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2019 – 2023

Оваа Информација е изготвена со цел да ја информира Владата на Република Северна Македонија за превземените активностите со цел спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023, која беше усвоена на 04.12.2018 година.
Основ за изготвување на оваа информација е Заклучокот од сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 04.12.2018 година со кој:
„3. Се задложува Министерство за економија еднаш годишно да ја информира Владата за текот на имплементација на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023 “.

Информацијата е изготвена преку процес на консултација со членовите на Работната група за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво. Во информацијата се вградени одговорите за реализираните активности согласно предвидените мерки во Акцискиот план од Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Фонд за иновации и технолошки развој, Агенцијата за претприемништво и конкурентност на Република Северна Македонија, Државниот Завод за статистика, Централен Регистар, Сојуз на Стопански Комори и Здружението на бизнис жени.
Составен дел на оваа информација е Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023, дополнет со реализирани активности по одделните мерки од акцискиот план, заклучно со 31.11.2021 година.

Ковид пандемијата влијаеше одреден дел од предвидените мерки и активности од Стратегијата да не се реализираат во предвидената временска рамка, но сепак во изминатиот период, преку владините антикризни мерки се предвидоа и спроведоа мерки за поддршка на женското претприемништво а надлежните институции и покрај скратените годишни буџети и ограничени човечки ресурси, успеаја да реализираат голем број активности кои беа во насока на остварување на стратешките приоритети дефинирани со стратегијата.

Сумирано, реализирани се следните активности во насока на остварување на поставените стратешки приоритети.

**Стратешки приоритет 1: Креирање на поволен деловен амбиент (бизнис клима) за развој на женско претприемништво.**

Во насока на остварување на овој стратешки приоритет реализирани и отпочнати се следните активности со цел координација при креирање и спроведување на политики за развој на женското претприемништво, анализа на регулативата која влијае на претприемничката активност на жените и креирање на статистика за следење на претприемничката (деловната) активност на жените:

- Формирана е меѓуресорска работна група составена од претставници од надлежните министерства и органи наведени во Акцискиот план како и претставници од стопанските комори, занаетчиските комори и здруженија кои работат на развој на женското претприемништво. Членовите на работната група се во постојана електронска комуникација заради подобро следење на сите превземени активности во насока на реализација на акцискиот план.
- Министерството за економија редовно секоја година во декември доставува до Владата Информацијата за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во

Република Северна Македонија 2019 – 2023.

- Со цел активно вклучување на сите засегнати страни во спроведувањето на предвидените активности од акцискиот план на  Стратегијата за развој на женското претприемништво и подигнување на степенот на соработка, Министерството за економија во октомври 2021г. потпиша Меморандум за соработка со Националната платформа за женско претприемништво основана од Здружението  на бизнис жени, Сојуз на стопански комори на Македонија, Националната федерацијата на фармери и Фондација за менаџмент и индустриско истражување МИР.
- Министерството за економија на крај на 2019 година направи „Анализа на парафискални давачки за МСП“. Со оваа анализа се идентификувани парафискалните давачки на централно и локално ниво од аспекти на надлежни органи за различните ПФД и нивна структура, изложеност на компаниите по сектор и големина, цена на чинење и начин на пресметување на парафискалните давачки, различни аспекти на оптовареност со парафискални давачки и оптовареност на компаниите со парафискални давачки кон централна и локална власт. Оваа анализа истовремено е основа за понатамошно утврдување на регулативата која влијае на претприемничката активност на жените.
- Министерството за економија во соработка со Делегацијата на Европската Комисија на почетокот на 2021 година изготви предлог-проект „Насоки за употреба на парафискалните давачки“ кој е доставен до ДЕУ за добивање експертска поддршка преку ИПА фондовите. Со проектот се предвидува остварување на: зголемување на транспарентноста и предвидливоста на давачките што имаат карактер на парафискални такси; укинување, оптимизирање и рационализирање на најмалку 100 парафискални давачки за деловно работење; јакнење на капацитетот на јавни институции (т.е. министерства) задолжени за креирање политики и спроведување на правилата и политиките насочени кон отстранување и спречување на неоправдани парафискални давачки. Проектот е прифатен од ДЕУ и е во фаза на избор на консултант за негова реализација.
- Државниот завод за статистика во март 2021г. го издаде дванаесеттото издание на публикацијата „Жените и мажите во Северна Македонија“, подготвено врз основа на податоците кои Државниот завод за статистика ги прибира преку своите сè поразвиени родови статистики. Во ова издание  се продолжи со континуитетот на објавените податоци, но презентирани се и нови содржини кои даваат слика за демографските карактеристики на жените и на мажите во Република Северна Македонија, како и нивната застапеност во социјалниот и економскиот живот на земјата.
- Голем дел од институциите имаат воведено родов критериум во изворите на информации и официјални регистри кои ги водат. Секоја институција се повеќе ја интегрира родовата компонента во стратешките планови, политики и буџети и се почитува принципот на еднакви можности на жени и мажи.Во процесот на родово одговорното буџетирање вклучени се  13 ресорни министерства и 2 државни агенциии кои се обврзани да спроведат основна родова анализа на одредена секторска програма и да развијат родови аутпут индикатори, како и да продолжат да следат напредок во спроведувањето на избраните програми и нивното влијание Институциите подготвуваат Годишен извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените  и мажите.

**Стратешки приоритет 2: Обезбедување на системска поддршка за развој на женско претприемништво**.

Остварувањето на овој стратешки приоритет предвидува рализација на активности за подобрување на пристапот до поволни форми на финансирање, транзиција од социјална помош до самовработување, транзиција од вработување до работодавач, обезбедување на потребните знаења и вештини и зајакнето присуство на жените во креирање на политики за развој на претприемништво.
Во изминатиот период реализирани и отпочнати се следните активности:

- Со цел поттикнување на економската активност на жените, Владата ги задолжи надлежните државни институции при креирањето на своите Програми/ мерки/ јавни повици да предвидат стимулативни критериуми за евалуација на апликации/проекти доколку истите се поднесени од страна на припадничките од женскиот пол или да воведат нови мерки за поддршка исклучиво на жени (Нацрт –записник од 169-та седница на Владата одржана на 10.12.2019г. точка 34).
  - Министерството за економија покрај посебно дизајнирана мерка за финансиска поддршка на претпријатија во сопственост и управувани од жени која ја спроведува од 2012 година, во годишната Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 и 2021 воведе стимулативни критериуми доколку апликант е деловен субјект во сопственост и управуван од жена и тоа се спроведува.
  - Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство од 2019 година започна со реализација на мерка специјално дизајнирана за активен женски член во земјоделско стопанство. Оваа мерка се реализираше и во 2020 и 2021 година и како резултат на мерката бројот на регистрирани жени во ЕРЗС како носители на земјоделско стопанство е во постојан пораст, што е особено евидентно во последните три години.

  Фондот за иновации и технолошки развој во јавниот повик -Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19, воведе стимулативна мерка каде апликантите кои имаат управител или сосственик жена при стручното бодување добиваат дополнителни 5 поени. Во 2020 година, во рамки на инструментот “Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19”, како поткритериум за оценување го воведе рамномерниот регионален развој и рамномерна родова застаеност Стимулативна мерка со можност за дополнителни бодови при оценување на апликантите кои имаат управител или сосственик жена, беше воведена и со јавниот повик по инструментот Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст кој беше објавен во почетокот на 2021 година. Како резултат на овие стимулативни мерки, учеството на жените претприемнички во вкупното портфолио на Фондот се зголеми од 33 на 41%.

  Во рамките на третиот антикризен пакет на мерки за справување на КОВИД пандемијата, Развојната банка на Северна Македонија ја реализираше мерката -бескаматни кредити со 30% грант како поддршка за жените, младите и фирмите кои воведуваат дигитализацијата во бизнисот или се извозно ориентирани, при што од 2.703 субјекти поддржани со мерката, 1062 субјекти се основани од жени или раководени од жени.

- Во рамки на Развојна банка на Северна Македонија се формираше Гарантен фонд како посебна организациона единица – одделение Гарантен фонд во рамки на Секторот за кредитирање и гаранции. Гарантниот фонд е столбот на кредитно-гарантната шема преку која се поддржува приватниот сектор, преку обезбедување на дел од колатералот за кредити одобрени од банки и штедилници.

- Министерството за економија во рамки на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 г. реализираше мерка ‚Финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за учество на домашни, регионални и меѓународни саеми. Со оваа мерка финансиски се поддржаа ММСП за учество на домашни, регионални и меѓународни саеми преку кофинансирање на 60% од докажаните трошоци за закуп на штанд.

- Министерство за економија и Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем, во 2020 и 2021 година организираа инфо средба со цел презентирање на мерките за поддршка на ММСП од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво.

- ФИТР имплементира мултимедијален пристап во информирање на јавноста. Во 2020 година, особено поради Ковид – пандемијата поголем акцент беше ставен на дигитална комуникација и онлајн презентација на сите информации поврзани со работењето на Фондот.

- Со цел унапредување на финансиската писменост како на компаниите така и на населението, изготвена е и усвоена „Стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија 2021-2025“. Исто така, Народната банка на Република Северна Македонија и Министерството за финансии во континуитет спроведуваат едукативни кампањи за да допрат до сите сегменти на општеството.
- Сеуште не е креирана институционално поддржана национална онлајн платформа за веб семинари и советодавни услуги, но функционира веб едукативна платформа https://pretpriemacedu.mk/ која има за цел да придонесе кон зголемувањето на конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија, обезбедувајќи можности за нивна онлајн едукација на релевантни теми од областа на претприемништвото, иновациите, индустриската политика и циркуларната економија. Креирањето на платформата е поддржано од проектот „Јакнење на капацитетите на малите и средни претпријатија преку подобрена поддршка за иновации”, финансиран од Европската унија, во рамки на програмата ИПА за јакнење на конкурентноста на националната економија, а имплементиран од страна на Фондацијата за Претприемачки сервис за млади.
- АППРСМ учествува во реализацијата на регионалниот проект „Воспоставување и промоција на менторските услуги за МСП во Западен Балкан – Фаза 2“, поддржан од Јапонската Агенција за Меѓународна Соработка – JICA. Основната цел на проектот е дизајнирање на одржлив „Систем“ на стандардизирани менторски услуги во Република Северна Македонија, инволвирајќи ја постојната мрежа на Регионални Центри (РЦ), како почетна инстанца од која се регрутираат идните ментори. Во текот на 2019 и 2020 година регрутирани се вкупно20 ментори од кои 11 се жени и менторирани се вкупно 69 МСП.
- Фондот за иновации и технолошки развој покрај финансиска поддршка овозможува и менторска обука за своите корисници. За активните корисници на ФИТР, се обезбедува менторирање од домашни експерти според поединечните специфични потреби на секој корисник и затоа им се овозможува и индивидуален менторинг. Во 2021 година во менторските обуки беа вклучени 168 корисници на финансиска поддршка на ФИТР од кои 78 имаат жена како сопственик или управител .
- Во мај 2021г. воспоставена е Националната Платформа за Женско Претприемништво основана од Здружението на бизнис жени, Сојуз на стопански комори на Македонија, Националната федерацијата на фармери и Фондација за менаџмент и индустриско истражување МИР. Целта на платформата е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање предлог јавни политики и застапување во областа на женското претприемништво, со спој на постојните мрежи во единствена платформа што ќе претставува интерес на жените претприемачи на сите нивоа. НПЖП е членка на Светското здружение на бизнис жени (FCEM), Балканската коалиција на бизнис жени(B-WCo), Платформата за женско претприемништво (WEP) и други бројни меѓународни организации во кои партнерските организации членуваат и на тој начин нуди можност за поврзување на бизнисите на локално, национално, регионално и пошироко ниво.

**Стратешки приоритет 3: Креирање на инфраструктура за поддршка и развој на женското претприемништво**

За остварување на овој стратешки приоритет реализирани и отпочнати се следните активности со цел развој на нови/современи програми за образование и обука за претприемништво со посебен фокус на жените претприемачки, јакнење на капацитетите за давање на услуги за обука исоветување на жените, обезбедување на капацитет за користење на инкубатори, акселератори и технолошки паркови од страна на жени претприемачки, соработка со локалната власт за вклучување на развојот на женско претприемништво во локалните/ регионалните програми за развој , соработка со образовни институции и воспоставување на бази на податоци/ регистар на жени претприемачи:

- АППРСМ во своите годишни програми има предвидено посебна програмска активност -Обуки за поддршка на женско претприемништво кои се реализираат во различни градови. Покрај овие обуки

АППРСМ во рамки на своите програмски активности секоја година организира разни обуки на различни теми наменети за разни целни групи.

- Во 2020 година во рамки на Фонд за иновации и технолошки развој се отпочна со доделување на иновациски ваучер со цел надминување на слабостите кај трансферот на знаење помеѓу јавниот и приватниот сектор како и кај соработката помеѓу академската заедница и индустријата. Иновациските ваучери претставуваат финансиски поттик кој претпријатијата го користат да покријат дел од трошоците за услугите кои ги нудат академските и научно-истражувачките институции.

- Фонд за иновации и технолошки развој и PricewaterhouseCoopers (PwC) Северна Македонија развија бесплатна менторската програма The Catalyst чија цел е зајакнување на капацитетите на стартапите на теми и области кои се значајни за секојдневното работење, здобивање со нови знаења и вештини, како и олеснување на пристапот пред потенцијални инвеститори. Оваа менторска програма, ќе се реализира на крај на 2021 г.

- АППРМ има развиена партнерска инфраструктура со регионалните бизнис центри и универзитети за давање на услуги на обука.Оваа соработка се остварува на годишно ниво по спроведени постапки за јавни набавки на образовни услуги и услуги за стручно усовршување согласно Законот за јавни набавки.

- ФИТР со поддршка од Светска Банка, додели финансиска поддршка во износ од 2 милиони евра преку Јавниот повик за финансирање на технолошки акцелератори со цел побрз развој на иновативните идеи, валидација на пазарот но и градење на скалабилни и одржливи бизнис модели кај македонските стартапи, за три аксцелератори и тоа: Деловно-технолошки акцелератор УКИМ ДОО Скопје, Сеавус Акцелератор во Скопје и Х Фактор во Велес.

- Во Република Северна Македонија, во рамките на единиците на локална самоуправа во период од Ноември 2017 до Октомври 2021 година формирани се 80 Комисии за еднакви можности на жените и мажите, освен во Теарце. По одржувањето на локалните избори октомври 2021 година во тек е процесот на формирање на нови Комисии за еднакви можности на жените и мажите за период од 2021-2025 година.

- Министерството за образование и наука има предвидено и реализира во рамки на класниот час програми за животни вештини кои опфаќаат теми за родова еднаквост за кои изготвени се програми и прирачници од страна на Бирото за развој на образованието. Исто така, во наставната програма по граѓанско образование опфатени се теми и содржини за родова еднаквост, прифаќање и почитување на различностите. Во рамките на воннаставните активности се реализира проектот "Поддршка на претприемничко образование во источна Европа и Евроазија" во насока на поголемо препознавање на претприемничкото образование во земјава, како и кон градење на партнерства помеѓу образовниот сектор и бизнис секторот, за подобрување на релевантноста на образованието, зголемување на влијанието на образованието, како и осовременување на момчињата и девојчињата средношколци и нивно влегување во 21 век.

- Високообразованите установи како автономни имаат слобода да потпишуваат меморандуми и договори за соработка со различни здруженија, компании. Согласно законот за високото образование, член 86 став 1 Универзитетот основа најмалку еден центар за кариера, кој меѓу другите активности има за задача и да им даде на студентите насоки и совети во одбирањето на стручна спрема и кариера, без предрасуди и дискиминаторски ставови.

**Стратешки приоритет 4: Промоција, вмрежување и застапување.**

За остварување на овој стратешки приоритет реализирани се следните активности за промоција на женското претприемништво и зголемување на капацитетот на женски деловни здруженија:

- Во мај 2021 година е воспоставена Национална Платформа за женско претприемништво (НПЖП) како главен социјален партнер за креирање политики и реформски процеси; олеснување на структурниот дијалог, вмрежување и консултации меѓу засегнатите страни од ЖП на национално и локално ниво; подобрување на капацитетите на граѓанските организации за ЖП за политика, застапување и соработка со националните и локалните власти; промовирање на жени претприемачи како двигатели на промените во јавната политика.

- На 18 и 19 ноември 2021г. се одржа прв годишен Самит на Националната платформа за женско претприемништво на тема "Нови перспективи за женско претприемништво". Самитот имаше за цел да ја зголеми видливоста на платформата и придобивките што ги обезбедува истата за засегнатите страни и за женското претприемништво, да се споделат најдобрите практики и идеи и да промовира политики што го поддржуваат женското претприемништво.

- Во јули 2021 година, Владата донесе Одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите („Службен весник на РНМ“ бр. 166/21), со која се издвојуваат 19.800.000 денари од планираните средства во државниот Буџет на 33 граѓански организации за проекти во 7 приоритетни области. Од 33 поддржани проекти, три имаат конкретни активности поврзани со женско претприемништво (Стем образование и кариера - предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem), Економско зајакнување на жените и младите од руралните средини клучно за одржлив развој, и Рурален женски е-пазар).

- Министерството за економија како институционален покровител и Националната платформа за женско претприемништво за прв пат, на 18 ноември 2021 г. организираа „Избор на Жена - Претприемач на годината“ , во рамки на дводневниот Самит за женско претприемништво. Изборот на најуспешните жени претприемачи во категорија на микро, мали и средни претпријатија се прави според однапред утврдени критериуми и врз основа на официјални податоци од завршните сметки на претпријатијата во сопственост и управувани од жени кои Министерството за економија ги обезбеди од Централен регистар.

Во периодот што следи ќе се продолжи со реализација на преостанатите предвидени активности од Акцискиот план на Стратегијата за развој на женско претприемништво 2019-2023.